**20161954422**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 90 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Член 1

Во Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија“ број 159/13, 88/14, 110/14, 132/14 и 56/15) во членот 9 по ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Доколку се утврди дека геодетскиот елаборат од ставот (1) на овој член има грешки во атрибутните, односно описните податоци, но не и грешки во просторните податоци, може да се изготви анекс на геодетскиот елаборат со кој анекс ќе се изврши корекција на атрибутните податоци. Во анексот треба да бидат содржани сите исправени податоци, а во техничкиот извештај да бидат наведени причините за исправката.“

Член 2

Геодетските елаборати за геодетски работи за посебни намени изготвени до 14.11.2011 година кои не се во PDF фајл и не се потпишани со дигитален сертификат издаден од овластен издавач може да се скенираат, да се потпишат со дигитален сертификат издаден од овластен издавач и како такви да се доставаат на натамошна постапка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-22735/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Анета Јорданова**, с.р.